Продолжија информативните состаноци со претставниците на населените места во општините во кои се спроведува програмата „ Оспособување на жените погодени во конфликтот (ОЖП) “. Оваа недела, беа одржани состаноци за општините Чаир, Јегуновце и Липково. На состаноците се разговараше за изборот на корисничките на програмата и начинот на спроведување на активностите.



Претставниците на месните заедници, училиштата, локалните деловни субјекти и граѓанските организации, советите, општинската администрација, како и на целната група се интересираа за бројот на жените кои може да се вклучат во програмата, за критериумите за избор, соработката со локалните граѓански организации, како и за видот на курсевите.

Претходно се одржаа информативни средби со жителите и претставниците на

општините Теарце и Желино, а следуваат состаноците во Сарај и Маврово и Ростуша.

ОЖП е финансирана од Европската Унија во рамките на 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), а се спроведува во партнерство со Флоренс Најтингел, Инцијатива за европска перспектива и Рекански бисер. Целта на програмата е поддршка на пристапот на жените погодени од конфликтот до пазарот на трудот.